Во текот на април 2013 година, МЦМС во соработка со партнерските организации Иницијатива за европска перспектива – ИЕП, Флоренс Најтингејл и Рекански Бисер идентификуваа повеќе 300 жени, потенцијални учеснички во програмата. Направени се интервјуа со 280 од нив, а 250 покажале интерес за активно учество во курсевите и обуките кои ќе се организираат со цел подобрување на способностите и вештините за вработување.



Паралелно со интервјуата, идентификувани се околу 150 локални претпријатија. Партнерите во програмата, во соработка со Агенцијата за истражување на пазарот и јавното мислење М-Проспект анкетираа повеќе од 40 претпријатија кои покажаа интерес и подготвеност за соработка во следната фаза за курсеви и обука низ работа. Во следниот период ќе се направи анализа на собраните податоци од анкетата, ќе бидат селектирани и распоредени во групи жените кои ќе ги посетуваат курсевите и обуките.



